**Правилник**
**за уредување на ученичкото управување**

Основна организациона форма на здружување и дејствување на учениците во СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес, преку која учениците ги решаваат проблемите, прашањата од животот и работата на училиштето е средношколската заедница.

Во зависност од тоа која структура на ученици ја претставува ученичката заедница таа може да биде:

1. ученичка заедница на паралелка/клас
2. ученичка заедница на година/генерација
3. ученичка заедница на училиште

## 1. Средношколската заедница на паралелка

Средношколската заедница на паралелката ја сочинуваат сите ученици од одредена паралелка. Во работата на оваа заедница учествува и класниот раководител, а по потреба и претставник од Средношколската заедница, стручните соработници и директорот на училиштето.

Конституирањето на Средношколската заедница се врши на почетокот на учебната година и се врши избор на раководство кое го сочинуваат претседател, секретар, благајник и двајца членови. Претседателот на УЗ на паралелката треба да постигнува одличен успех и примерно поведение и да учествува во училишни и во училишни активности.

Раководството на ученичката заедница на паралелката со класниот раководител изготвува програма за работа. Програмата треба да биде реална и конкретна и да произлегува од вистинските желби и барања на учениците, а воедно да содржи доволно елементи кои ќе ги мотивираат, мобилизираат и насочуваат учениците.

Задачи на Средношколската заедница на паралелката/класната заедница се:

- Да се грижи за постигнување на подобри воспитно-образовни резултати од сите ученици во паралелката
- Да се грижи за одржување на редот и дисциплината во паралелката и училиштето, за чување на училишниот инвентар и да се бори против несоодветно однесување на учениците во училиштето и надвор од него
- Да соработува со наставниците, а особено со раководителот на паралелката за навремено и правилно решавање на проблемите во паралелката
- Да организира непосредна помош на учениците што заостануваат во учењето
- Да поттикнува на обезбедување матерјална помош на ученици кои имаат потешкотии поради несреќен случај или семеен проблем
- Да води грижа за редовно посетување на наставата и воннаставните активности од сите ученици во класот
- Да учествува во планирање и реализирање на ученички екскурзии
- Да превзема активности за соработка со други ученички заедници на ниво на година, училиште

## 2. Средношколска заедница на година

Во училиштето се формираат и средношколски заедници на годината/генерацијата. Во нив се опфатени учениците од сите паралелки на една генерација на чколување. Нејзино претставничко тело е претседателството кое го сочинуваат претставици од паралелките (претседатели на паралелките). Заради оперативност во работата се избира раководство - одговорен ученик ниво на генерација.

За поуспешно решавање на прашањата и проблемите кои ги третира, ученичката заедница на годината, тесно соработува со другите ученички заедници на учениците, со класните раководители, одговорниот професор и стручните соработници.

## 3.Средношколската заедница на училиштето

Средношколската заедница на училиштето/ училишната заедница претставува највисока форма на ученичко здружување, дејствување на учениците во училиштето и ги опфаќа сите ученици во училиштето. Средношколската заедница избира свое раководство кое го сочинуваат претседателите на класните заедници. Од редот на претседателството се избира потесно раководство кое го сочинуваат претседател, потпреседател, секретар. За вршење на одделни задачи или активности претседателството избира свои тела

**Задачи на Средношколската заедница се:**

- Разгледување, давање мислења и предлози за Годишната програма за работата на училиштето, куќен ред, правилници и други нормативни акти поврзани со работата на училиштето
- Учество во разгледување на воспитно-образовните резултати и предлог мерки за подобрување на истите
- Подигање на ученичкиот стандард, организирање на општествено-корисна работа, развивање на културно-забавниот и рекреативниот живот на учениците
- Организирање на спортски натпревари со цел да се овозможи правилен кај учениците физички развој и натпреварувачки дух
- Организирање на акции со хуманитарен карактер
- Давање мислења и предлози за доделување признанија, пофалби и награди на учениците, односно паралелките, како и за педагошки и други мерки што треба да се превземат од училиштето.

Средношколската заедница на училиштето ја следи, координира, а по потреба и ја помага работата на ученичката заедница на паралелката.

Од состаноците на Средношколската заедница се водат записници, а заклучоците, ставовите и предлозите во писмена форма се доставуваат до одговорниот професор и директорот, кои се должни да ги разгледаат и да го запознаат Наставничкиот совет со истите.

- ***Општи одредби***

Член 1

Средношколската заедница на училиштето СОУ ,,Гимназија Кочо Рацин" Велес, Р.Македонија ( во понатамошниот текст СЗ) е модерна, отворена, опшествен-воспитна организација на учениците во рамките на училиштето, која се залага за почитување и целосно остварување на правата на учениците, кои во неа и преку неа ги усогласуваат своите интереси со интересите на опшеството и во согласност со воспитно-образовниот процес создаваат услови за своја целосна информираност во јавноста, како и можност за соработка со други сродни организации во земјата и светот.

Член 2

Работата на СЗ е неспоива со секаква политичка и партиска идеологија, но истата се одвива согласно законските прописи..

Член 3

СЗ е самостојна во организирањето и остварувањето на своите цели, задачи и активности, утврдени со овој Статут. Своите права, должности и одговорности СЗ ги остварува согласно Уставот, законите на Р.Македонија, овој Статут и Правилникот за уредување на училишноста управување.

- ***Цели, задачи и начин на нивното остварување***

Член 4

Цели и задачи на СЗ
- организирање и координирање на основните облици на ученичка активност во рамките на училиштето и надвор од него
-подобрување на средношколскиот стандард
-овозможување на правилен психо-физички развој на личноста на ученикот
- спротивставување на националистички, полови, расни, верски и други видови на дискриминаторски тенденции во воспитно-образовниот процес
-право на ефикасен воспитно-образовен процес
- истапување со аргументирани предлози и решенија кои се однесуваат на средношколската проблематика
- поттикнување и стимулација на средношколците за работа во обласата на културата и спортските активности
-слобода на изразување и поврзување на средношколците
- усогласување на интересите на учениците

Член 5

Своите цели и задачи СЗ ги остварува преку:

• остварување конкретни програмски активности
• спроведување заеднички проекти на членовите
• организирање трибини, семинари, концерти, приредби и други културни Манифестации
• организирање спортски натпревари помеѓу учениците од училиштето и помеѓу другите средни училишта
• организирање натпревари од различни области
• координирана соработка и контакти на уз со други организации, институции и здруженија од општествен, научен, културен, воспитно-образовен карактер
• меѓународна соработка со слични асоцијации, согласно со позитивните законски прописи
• соработка со државните органи и организации
• вршење и други активности согласно Програмата, овој Статут, Уставот и законските прописи на Р.Македонија

***Членување во Училишната заедница***

Член 6

*Училишната заедница* има индивидуално, почесно и посебно членство.
Индивидуален член може да биде секој ученик кој е претседател на класната заедница и воедно е член на Собранието на СЗ, кој го прифаќа Статутот и е подготвен да се вклучи во реализирањето на Програмата на СЗ.

Статус на почесни членови можат да добијат индивидуалните членови кои дале посебен придонес во дејствувањето и спроведувањето на активностите, како и организации и други институции од општеството.

Статус на посебно членство имаат педагогот, психологот, директорот, помошник директорот и одговорниот професор кој го назначува директорот.

Член 7

Индивидуалните членови по положба се членови на Собранието на СЗ, со право на глас.
Мандатот на индивидуалните членови е една година со право на реизбор во сите четири години.

Почесните членови може да присуствуваат на Собранието на СЗ, имаат право на конструктивни дискусии, но без право на глас. Додека пак посебните членови имаат и право на глас.

На Собранието може да присуствува секој ученик на училиштето, кој сака да помогне во работата на СЗ, но без право на глас.

Член 8

Права и обврски на индивидуалните членови на СЗ се:

-обврзан е да ги почитува и застапува целите и задачите на СЗ, од моментот на неговото пристапување во СЗ
-целосно да ја презентира работата на СЗ во класот
-активно да учествува во градењето и остварувањето на активностите на СЗ
-творечки да придонесува кон омасовување и остварување на формите на делување на СЗ
-самостојно да превзема иницијативи кои не се спротивни на овој Статут и на основните начела на програмските основи
-да учествува во сите активности на СЗ по сопствена желба врз основа на програмските цели
-да биде редовно информиран за активностите на СЗ и критички да се осврнува кон нив
-да го издвои сопственото мислење, предлози или ставови со кои останува во малцинство при расправа и донесување одлуки, и да инсистира на повторно разгледување кога за тоа постојат услови
-да избира и да биде биран во сите органи на СЗ со својата активност
-да не го нарушува угледот на СЗ
-за својата работа одговара пред органите на СЗ

Член 9

Членството може да престане со истапување или со исклучување.
Членот што сака да истапи доброволно потпишува изјава за истапување од функцијата која се доставува лично до претседателот на СЗ, со претходно известување на класната заедница.

Изјавата ја потпишуваат претседателот на СЗ, одгворниот професор и член од одборот за внатрешна контрола. Членот на СЗ може да биде исклучен ако:
-повеќе од три пати не учествувал на одржаните состаноци на СЗ.
-не го почитува до Статутот и програмата на СЗ
-доколку е сменет од страна на класната заедница од функцијата претседател.

Барањето за исклучување го поднесува Претседателот на СЗ, а на предлог на одборот за внатрешна контрола.

**• Органи на училишната заедница - права, обврски и одговорности.**

Член 10

Органи на СЗ се:
-Собрание
-Претседател
-Потпретседател
-Секретар - записничар
-Одбор за внатрешна контрола
За остварување на своите цели и задачи, во согласност со програмските активности. СЗ има право да формира и привремени работни тела.

- **Собрание**

Член 11

Собранието е највисокиот орган на учениците, има најмалку 31 член, по еден претставник (претседател на клас) од секоја паралелка од I до IV година.

Член 12

Собранието одржува седници два пати во месецот ( секоја недела кога наставата се одржува во претпладневна смена). Состаноците по потреба се одржуваат и повеќе пати. За свикување на дополнителен состанок, претседателот на СЗ навремено ги информира членовите преку писмено известување со дневен ред.

Со работата на состаноците на Собранието раководи претседателот на СЗ, и има право на глас.

Член 13

Собранието може полноважно да работи, ако на состанокот присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови и ги донесува одлуките со мнозинство гласови од присутните членови.

Член 14

За работата на Собранието се води записник кој го потпишуваат претседателот на СЗ и Секретар-записничар.

Член 15

СЗ ги има следниве права, обврски и одговорности:
-Ја потврдува програмската активност и насоките за работа на СЗ
- Донесува и усвојува Статут на СЗ и врши негови измени и дополнувања. конкретни предлози - Донесува други акти, измени утврдени во овој Статут.
-Поднесува барања, донесува заклучоци, зазема ставови со на членовите на СЗ.
- Ги избира членовите на внатрешна контрола.
-Донесува одлуки за исклучување.
-Ги решава проблемите и приговорите на членовите на СЗ и сите барања до СЗ.
-Извршува именувања на добродојдени членови.
-Извршува и други работи кои произлегуваат од програмските активности или се утврдени со позитивните законски прописи.

Член 16

Правата, обврските и одговорностите на Собранието, во итни и вонредни околности ги врши Одборот за внатрешна контрола и претседателот на СЗ, и има обврска редовно да ги информира членовите за превземените активности и одлуки.

**• Претседател на Училишна заедница**

Член 17

Претседателот е индивидуален орган на УЗ и го избираат сите ученици од училиштето, со мнозинство гласови на учениците кои гласале.
Процедурата на гласање ја контролира Одборот за внатрешна контрола.
*-Кандидат за претседател на УЗ може да биде секој ученик од I, II, III или IV година кој постигнува континуиран одличен успех по сите наставни предмети и примерно поведение, за учениците од I година кој постигнува континуиран одличен успех по сите наставни предмети и примерно поведение во основно образование.*
*-Во случај кога кандидат за претседател е ученик од IV година, задолжително во тимот да има барем еден ученик од I, II или III година*
-Ученикот-кандидат за претседател треба да биде вклучен во активностите на училиштето и вон-училишните активности.
-Секој клас има право на свој кандидат, а во случај ако повеќе ученици изнесат барање тогаш за тоа кој ќе биде кандидиран одлука ќе донесе класот.
-Мандатот трае една година (од денот на стапување на функцијата), *со можност на реизбор.*
*-Претседателот се бира со просто мнозинство (ако еден кандидат има 50%+1 од гласовите тој по автоматизам станува претседател)*
*-Доколку ниту еден од кандидатите нема 50%+1 од гласовите се пристапува кон втор круг во кој влегуваат двајцата кандидати со најголем број гласови*
*-Гласањето мора да биде тајно*

Член 18

Претседателот на СЗ ги има следниве права, обврски и одговорности:

-Ги повикува и ги раководи состаноците на СЗ
-Се грижи за одлуките кои ги донесува
-Ги потпишува сите акти и документи.
-Дава предлог за Секретар – записничар на СЗ.
-Ја застапува СЗ во согласност со овој статут.
-Исполнува и други права, обврски и одговорности што ќе му ги довери СЗ. Одборот на внатрешна контрола или пак се потврдени со овој Статут и Правилникот за училишно управување.
-За својата функција одговара пред СЗ и Одборот на внатрешна контрола.

Член 19

Претседателот може да престане да ја извршува својата функција ако: Самиот тоа го побара во писмена форма. Доколку несоодветно ги извршува своите задачи, обврски и доверените права ќе биде разрешен од Собранието пред истекот на мандатот. Одлуката ја донесува Собранието, со гласање на % мнозинство на гласови од присутните членови на Собранието кои имаат право на глас. Предлог за разрешување мозже да достави и Одборот за внатрешна контрола или 1/3 од вкупниот број на членови на Собранието на СЗ, со писмено образложение.

• Потпретседател на училишната заедница

Член 20

Потпретседателот е заменик на претседателот, како индивидуален извршен орган на СЗ. Истиот се избира по пат на автоматизам т.е. како кандидат за Претседател кој е на второ место по бројот на освоени гласови. Доколку има пријавено само еден кандидат, потпретседателот го избира Собранието со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број на членови со право на глас. Предлог во писмена форма со образложение, може да поднесе одборот за внатрешна контрола или најмалку 1/3 членови од вкупниот број на членови Собранието на СЗ.

Мандатот на потпретседателот трае исто колку и мандатот на претседателот. Во случај потпретседателот да е од II година има право на реизбор и кандидирање за претседател на СЗ. Потпретседателот треба да има примерно поведение и да биде вклучен во активностите на училиштето како и вонучилишните активности.

Член 21

Потпредседателот ги има следниве права, обврски и одговорности:
-Ги усвојува одлуките и актите што ги донесува СЗ.
-Остварува и други права, обврски и одговорности, кои ќе му ги довери Потпретседателот ги има следниве права, обврски и Собранието. Одборот за внатрешна контрола, претседателот на СЗ или се утврди со овој Статут или некој закон.
-За својата работа е одговорен пред СЗ, Одборот за внатрешна контрола и претседателот на СЗ.

Член 22

Во случај на подолго отсуство или привремена спреченост на претседателот на СЗ, организацијата ја застапува потпретседателот, и ги превзема сите обврски и задолженија на СЗ.

Член 23

Потпретседателот може да се откаже од својата функција и пред истекот на својот мандат ако: Самиот побара во писмена форма. Доколку несоодведно ги извршува своите задачи, обврски и доверените права ќе биде разрешен од СЗ пред истекот на мандатот. Одлуката ја донесува Собарнието на СЗ, со гласање на повеќе од 2/3 од присутните членови на УЗ кои имаат право на глас. Предлог за разрешување може да достави и Одборот за внатрешна контрола или 1/3 од вкупниот број на членови на уз, со писмено образложение.

• Секретар – записничар

Член 24

Секретарот – записничар на СЗ го избира Собарнието на СЗ, на предлог на претседателот или на предлог на членовите на Собранието со право на глас. Секретарот -записничар учествува во сите состаноци на Собранието на СЗ, со право на глас.

Мандатот изнесува исто колку и мандатот на Претседателот на СЗ, со право на реизбор кој е можен само два пати по ред.

Секретарот-записничар има право да се кандидира и за претседател на СЗ.

• Претставување на училишната заедница

Член 25

Секретарот-записничар ги има следниве права, обврски и одговорности:
- Подготвува материјали кои ќе допринесат за нормално функционирање на состаноците на Собранието на СЗ.
- Должен е да ги спроведува одлуките и да укажува на неправилностите во текот на работењето. - Води записник и евиденција на присутните членови
-Ја води целокупната архивска документација во соработка со претседателот и потпретседателот. -Ги извршува сите други обврски кои ќе му се доверат од страна на Собранието, Одборот за внатрешна контрола и претседателот на СЗ.
- За својата работа одговара пред Собранието. Одборот за внатрешна контрола и претседателот на СЗ.

Член 26

Секретарот записничар може да се повлече и пред истекот на довереніот мандат во случај: Доколку сам го побара тоа во писмена форма Доколку се утврди дека несовесно ги извршува своите должности и одговорности. Одлуката за разрешување ја донесува Собранието на СЗ со 2/3 мнозинство на гласови од вкупнот број членови со право на глас, на предлог на одборот за Внатрешна контрола. Претседателот на СЗ или 1/3 членови од вкупниот број членови на СЗ со писмено образложение

**• Одбор за внатрешна контрола**

Член 27

Одборот за внатрешна контрола е орган за контрола, составен од 6 члена од сите четири генерации по еден претставник (одговорен ученик на генерација), Претседателот и одговорниот професор за СЗ. Претставниците од генерациите се предложени од Претседателот на СЗ и одговорниот професор за СЗ присуствуваат на работните состаноци на Одборот за внатрешна контрола.

Претседателот на Одборот за внатрешна контрола го избира Одборот од редот на своите членови, со исклучок на Претседателот на СЗ Мандатот на членовите на Одборот за внатрешна контрола трае исто колку и на Претседателот на СЗ, со право на реизбор на две години по ред.

Член 28

Одборот за внатрешна контрола ги има следните права, обврски и одговорности:

• Врши контрола врз спроведувањето на Статутот на СЗ
• Го контролира спроведувањето на одлуките на СЗ
• Предлага исклучување на член од СЗ и вонредна контрола врз основа на заклучокот на СЗ или по . Врши иницијатива на неговите работни акти.
• Врши и други права, обврски и одговорности што се утврдуваат со овој Статут и што му ги задава Собранието на СЗ
• За својата работа е одговорен пред Собранието на СЗ

Член 29

Одборот за внатрешна контрола или одделен негов член може да биде разрешен и пред истекот на мандатот:

• Доколку самиот го побара тоа во писмена форма
• Поради неактивност, несовесно или нестручно извршување на доверените права, обврски и одговорности.

Предлог за разрешување на Одборот од внатрешна контрола или негов член може да побара било кој орган од СЗ, или најмалку 1/3 членови од вкупниот број на членови на Собранието на СЗ со право на глас. Предлогот мора да биде во писмена форма, образложен и да има материјални докази.

Одлуката за разрешување на Одборот за натрвешна контрола или негов член ја носи Собранието со 1/2 мнозинство на гласови од вкупниот број членови на Собранието на СЗ со право на глас.

**• Остварување контрола врз работата на СЗ**

Член 30

Контрола врз работата на СЗ остваруваат нејзините членови, на начин утврден со овој Статут. Надзор и контрола на законитоста на работењето на СЗ вршат и органите на управата во рамките на училиштето, во чиј делокруг спаѓаат сите активности на СЗ.

Член 31

Членовите на СЗ имаат право да остваруваат контрола врз работењето на СЗ непосредно и преку Одборот за внатрешна контрола.

Член 32

Училишната заедница ја претставува Претседателот на истата, во рамките на своите права, обврски и одговорности. По негово овластување СЗ може да ја претставува потпретседателот или друг член на СЗ

Член 33

Претседателот ја претставува СЗ пред:
-Организациите, здруженијата, институции, органите, како и поединци.
-Субјекти кои можат да придонесат за успешно остварување на целите и задачите на СЗ.
-Меѓународни субјекти кои соработуваат со училиштето и нивните легитимни органи и делегации, во согласност со позитивните законски прописи на Р.Македонија.

Член 34

Како претставник, Претседателот на СЗ нема право да отстапува од целите и задачите на СЗ, како и од програмската определба и насоките на СЗ, утврдени од Собранието на СЗ.

Претседателот на СЗ нема право во име на СЗ да превзема правни дејствија, доколку со посебна одлука тоа не му е доверено од Собранието на СЗ.

**• Застапување на училишната заедница**

Член 35

Училишната заедница ја застапува Претседателот во рамките на остварувањето на нејзините цели и задачи и во границите на своите овластувања утврдени со овој Статут. Во случај на отсутност, СЗ ја застапува Потпретседателот или друго лице, член на СЗ.

**• Средства на Училишната заедница, начин на нивно стекнување и располагање**

Член 36

За остварување на своите цели и задачи. СЗ стекнува средства, односно определени права на средствата, и со нив располага во согласност со овој Статут и Закон.

Член 37

СЗ стекнува парични средства, предмети и материјални добра преку:
-Прилози
-Спонзорства
-Донаторства
-Сопствени дејности

Член 38

Користењето и располагањето со средствата на СЗ се врши на начин утврден со закон. Со средствата раководи Секретарот - записничар.

Член 39

Средствата на СЗ може да се користат само за намени утврдени од Собранието на СЗ, врз основа на соодветен финансиски документ.
Наредбодавач за извршување на финансискиот план во согласност со правата, обврските и одговорностите утврдени со Статутот и Законот е Претседателот на СЗ.

- **Измени и дополнувања на Статутот**

Член 40

Иницијативата за измени и дополнувања на овој Статут може да покрене секој член, орган или работно тело на СЗ
Истото се поднесува во писмена форма до Одборот за внатрешна контрола и Претседателот на СЗ и мора да содржи образложение за причините поради кои се поднесува, како и содржината на измените и дополнувања што се предлагаат.

Член 41

Врз основа на поднесената иницијатива и претходно водената расправа по нацртот на одлуката. Одборот за внатрешна контрола и Претседателот на СЗ, утврдуваат предлог за измени и дополнувања на Статутот и ја упатуваат на донесување на СЗ.
За неприфатените иницијативи и причини, претседателот на СЗ ги известува нивните подносители кои имаат право да се обратат кон СЗ и за тоа да се расправа и да се произнесе за постоењето на причините за измена и дополнување на Статутот.
Статутот, како и неговите измени и дополнувања, Собранието на СЗ ги донесува со 2/3 мнозинство на гласови од вкупниот број членови на СЗ со право на глас.

- **Завршни одредби**

Член 42

Сите прашања кои не се регистрирани со овој Статут, се регистрираат со други правни акти ( правилници, деловници и слично.)

Член 43

Право на толкување на овој Статут има Собранието на СЗ, а меѓу две седници право на толкување имаат Претседателот на СЗ и Одборот за Внатрешна контрола.

Член 44

Овој Статут стапува во сила на денот на неговото донесување.

02.11. 2022
Измена:
Емили Митревска – Претседател на Средношколската заедница
Антонио Андоновски
Стефан Атанасовски – Трајковиќ

31.10.2011
Изработила
Теодора Нешова III6
Претседател на училишната заедница